РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1243/10

01-08-2024 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), врз основа на член 22 став 1 и 3, член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа, а во врска со член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24) постапувајќи по предмет оформен по пријава со наводи за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, на продолжението на 8 - та седница одржано на 01.08.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предмет број 12-1243/1 од 26.03.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Наводите изнесени во пријавата со број 12-1243/1 од 26.03.2024 година, СЕ ПОТВРДУВААТ.

СЕ КОНСТАТИРА повреда на одредбите од 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик.

За констатираното прекршување на законските одредби, ДКСК ќе постапи во рамките на своите законски надлежности и согласно Законот за спречување на корупцијата со донесувањето на оваа одлука од нејзина надлежност ќе иницира постапка до надлежен орган.

Предметот со број 12-1243/1 од 26.03.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

На ден 26.03.2024 година, до ДКСК е доставена пријава од непознат подносител заведена под бр.12-1243/1, со наводи за прекршување на законските одредби во изборен процес при спроведување на постапки во ---------- ---------------- --------------. Наводите во пријавата се однесуваат на постапување спротивно на членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно спротивно на членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик.

Според наведеното во пријавата, врз основа на добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација (во натамошниот текст: МИОА), во ---------- ---------------- --------------. (во натамошниот текст: ------) биле донесени Правилник за внатрешна организација на ---------- ---------------- -------------- од 09.02.2024 година и Правилник за систематизација на работните места во Управата од 09.02.2024 година, по што, врз основа на Законот за ---------- ---------------- -------------- и врз основа на посочените акти, од страна на директорот на --- на 12.02.2024 година била донесена Одлука за распоредување на работни места со промена на договорите за вработување и склучување на нови договори за вработување.

Во пријавата доставена до ДКСК е наведено дека согласно посочената Одлука за распоредување на работни места со промена на договорите за вработување и склучување на нови договори за вработување, од 12.02.2024 година се откажуваат договорите за вработување на вработените со статус на даночни службеници и на вработените кои вршат помошно-технички работи, и престануваат да важат решенијата за распоредување на работни места, при што вработените наводно биле задолжени да продолжат да ги извршуваат работните задачи од постојните работни места во периодот од престанувањето на важењето на договорите за вработување до склучувањето на новите договори, што било предвидено да се случи во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на Одлуката.

Со оглед на наведеното, а имајќи предвид и дека склучувањето на новите договори би се случило по денот на донесувањето на Решението за распишување на избор за претседател на Република Северна Македонија и по денот на донесувањето на Решението за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, подносителот на пријавата изразува сомневање дека со склучувањето на новите договори во изборен процес би била сторена повреда на членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси односно на членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Воедно, подносителот на пријавата се сомнева дека откажувањето на договорите за вработување би можело да претставува ризик од вршење на влијание за време на изборниот процес.

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

ДКСК, постапувајќи согласно член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по предметната пријава оформи предмет и се обрати до --------- --------------- -------------, до Државниот управен инспекторат и до Државниот инспекторат за труд, а со цел прибавување на потребни податоци и информации заради целосно утврдување на фактичката состојба. По барањата на ДКСК е постапено и добиени се бараните информации со прилог документација.

Од извршениот увид во целокупната документација по оформениот предмет, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 14.02.2024 година, Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, донесе Решение за распишување на избори за пратеници на Република Северна Македонија, број 09-1169/1, заведено во Државната изборна комисија под број 10-435/1.

Непосредно пред распишувањето на изборите, на ден 09.02.2024 година во ---------- ---------------- ------------- биле донесени Правилник за внатрешна организација на ---------- ---------------- ------------- бр. ------- од 09.02.2024 година и Правилник за систематизација на работните места во Управата ----------- од 09.02.2024 година, двата во примена од 12.02.2024 година, датумот кога се објавени.

Заради регулирање на работниот однос на вработените преку усогласување на решенијата/договорите за вработување со новата организација и систематизација преку издавање на нови договори за вработување, на 12.02.2024 година била донесена Одлука за распоредување на работни места со промена на договорите за вработување и склучување на нови договори за вработување, ------------ од 12.02.2024 година, со која од датумот 12.02.2024 година се откажуваат договорите за вработување на вработените кои имаат статус на даночни службеници и договорите за вработување на вработените кои вршат помошно – технички работи, и со која престануваат да важат решенијата за распоредување на работни места на вработените со статус на државни службеници, при што во истата е определен рок од еден месец од денот на донесувањето во кој треба да бидат издадени нови договори за вработување.

Утврдената фактичка состојба упатува на тоа дека на постапката за прекинување на договорите за вработување и на решенијата за распоредување на работни места на вработените во -------- и на последователното склучување на нови договори претходеле повеќе активности кои се одвивале во подолг временски период пред започнувањето на изборниот процес, а кои биле насочени кон донесување на Правилникот за внатрешна организација на ---------- ---------------- ------------- бр.----------- од 09.02.2024 година и на Правилникот за систематизација на работните места во Управата ----------- од 09.02.2024 година.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на Одлуката за распоредување на работни места со промена на договорите за вработување и склучување на нови договори за вработување, бр.------------ од 12.02.2024 година, договорите за вработување биле откажани, а решенијата за распоредување на работни места престанале да важат на 12.02.2024 година, пред започнувањето на изборниот процес, односно пред донесувањето на Решението за распишување на избори за пратеници на Република Северна Македонија од 14.02.2024 година. Новите договори за вработување биле издадени во изборен процес, во рамки на утврдениот рок од еден месец од донесувањето на Одлуката за распоредување на работни места со промена на договорите за вработување и склучување на нови договори за вработување, ------------ од 12.02.2024 година.

Врз основа на Одлуката -------------- од 12.02.2024 година се откажуваат договорите за вработување на вработените кои имаат статус на даночни службеници (вкупно 833 вработени) и договорите за вработување на вработените кои вршат помошно – технички работи (вкупно 33 вработени). Врз основа на оваа Одлука престануваат да важат решенијата за распоредување на работни места на вработените со статус на државни службеници (вкупно 129 вработени), при што со Одлуката е определен рок од еден месец од денот на донесувањето во кој треба да бидат издадени нови договори за вработување. Во рамки на овој рок биле издадени нови договори за вработување на вкупно 978 вработени, распоредени хоризонтално, во рамки на иста група на работни места и на исто ниво, и во рамки на веќе обезбедените средства за исплата на плати, при што вработените го задржале нивото на работното место и биле распоредени на работни места кои биле скоро идентични на оние на кои биле претходно распоредени.

Од дополнувањето доставено на 26.07.2024 година до ДКСК, од страна на Секторот за човечки ресурси при ----------, дојдено е до следните сознанија:

Во правилникот за систематиција на работните места во ---------- ---------------- ------------- биле систематизирани работни места со шифра УПР, во две организациони единица и тоа Сектор за општи и заеднички работи и Сектор за финансиски прашања, но истите биле непополнети од причина што вработените се прераспоредени во даночни функции, а всушност работат на работни места кои се непополнети, со цел да не се наруши работниот процес во ---------- ---------------- -------------. Согласно тоа била донесена Одлуката на директорот на ---------- ---------------- ------------- за распоредувања на работните места со промена на Договорите за вработување и склучување на нови договори за вработување број ------------ од 12.02.2024 година.

Кај некои работни места се забележани финансиски импликации, во смисол на утврдени повисоки бодови од претходните иако биле хоризонтално прераспоредени. За дел од работните места наведеното се должи на организациската промена во ---------- ---------------- ------------- (*пр.* ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr 3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 23248 930
https://www.dksk.mk

-------------). Исто така кај вработените кои преминале од статус на државни во даночни службеници (што било очекувано согласно законските измени), се забележуваат финански импликации. Во --------- --------------- ------------- тројца вработени имале сеуште статус на државни службеници и 32 вработени имаат статус на помошно-техничко лице.

Од Државниот управен инспекторат и до Државниот инспекторат за труд, ДКСК побара секој од инспекторатите, во рамки на својата надлежност, да изврши инспекциски надзор над постапките на --------- --------------- ------------- за преземање на вработени од работни места во други институции.
Државниот управен инспекторат постапил по барањето и за утврдената фактичка состојба од извршениот вонреден инспекиски надзор изготвен е Записник ------------ од 22.07.2024 година. Во записникот е наведено дека по издадена писмена согласност бр.----------- од 09.02.2024 година на Министерството за информатичко општество и администрација заведена кај субјектот на надзорот од 12.02.2024 година, се донесени актите за внатрешна организација и систематизација на работните места кај субјектот на надзорот и со истите се запознаени вработените. На денот на надзорот од страна на присутното службено лице дадена е изјава дека за 13 вработени кај субјектот на надзорот до денот на вршењето на вонредниот инспекциски надзор не се склучени нови договори за вработување поради техники причини, по што биле превземени дејствија за исправка на актот за систематизација на работните места кај субејктот на надзорот. Во однос на оваа констатација информиран е Државниот инспекторат за труд со дописот од 22.07.2024 година со која дел од иницијативата е препратена на негова надлежност. Од причина што во конкретниот случај не станувало збор за постапки за вработувања кои се регулирани во Законот за административни службеници туку за постапки за откажување на договори за вработување и склучување на нови договори за вработување регулурани со други материјални закони, општи прописи за работните односи како и колективни договори над кои оваа инспекциска служба не врши инспекциски надзор, Државниот управен инспекторат ја запира постапката и истата ја препратил на надлежност и понатамошно постапување на Државниот инпсекторат за труд, при тоа се имало во предвид и постапувањето на второстепениот орган - Агенција за администрација по однос на поднесени приговори.

Државниот инспекторат за труд постапил по барањето на ДКСК и на 18.07.2024 година извршил вонреден инспекциски надзор во --------- --------------- ------------. Во Записникот се утврдени следните неправилности во работењето на субјектот на надзорот:
Од страна на работодавачот, постапувајќи по Одлуката за распоредувања на работните места со промена на договорите за вработување и склучување на нови договори за вработување број ------------- од 12.02.2024 година, во текот на месец

февруари и март 2024 година односно **во период на изборен процес**, биле издадени договори за вработување на 978 вработени.

Одлуката на директорот на ---------- ---------------- -------------- за распоредувања на работните места со промена на договорите за вработување и склучување на нови договори за вработување број ----------- од 12.02.2024 година, **не содржела правен** основ утврден со закон, Колективен договор и акт на работодавачот, истата немала образложение и немала правна поука за правото на правна заштита, што е спротивно на членот 72, член 74 и член 181 од Законот за работни односи. Со вака донесената Одлука, на вработените **им било ускратено** уставно загаринтираното право на двостепеност во постапката.

По однос на договорите биле вложени седум приговори до Агенција за администрација, кои биле отфрлени како недозволени.

Со наведената Одлука работодавачот одлучувал за сите вработени и притоа не се повикал на соодветни одредби од Законот за работни односи и Законот за административни службеници, а воедно работодавачот **не можел** со групна одлука да им ги откаже договорите за вработување на сите вработени во Управата, имајќи предвид дека со договор за вработување се регулираат права, обврски и одговорности на секој работник поединечно.

За овие констатирани неправилности од областа на работните односи, од страна на државниот инспектор за труд на работодавачот **му е изречена инспекциска мерка** опомена, да донесе акт со кој **ќе ја поништи** Одлуката за распоредувања на работните места со промена на договорите за вработување и склучување на нови договори за вработување број -------------- од 12.02.2024 година.

Согласно член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и согласно член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик: *„од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи“.*

Од фактичката состојба, ДКСК утврди дека наводите за прекршување на законските одредби во изборен процес изнесени во поднесената пријава се основани, поради тоа

што откажувањето на договорите за вработување, престанувањето на важењето на решенијата за распоредување на работни места на вработените со статус на државни службеници и издавањето на новите договори за вработување се дејства кои во наведениот период преставуваат ризик од корупција и политички влијанија во текот на изборниот процес. Со преземените дејствија за склучување на нови договори за вработување за вкупно 978 вработени, каде во некои од нив се забележани и финансиски импликации, а кои биле издадени во текот на месец февруари и март 2024 година односно во период на изборен процес, од страна на одговорното лице во институцијата не се испочитувани забраните утврдени во член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, односно донесени се решенија за распоредување, во период кога сеуште не бил завршен Изборот на Влада на Република Северна Македонија. Со овој чин, а со оглед на предизвиканите дополнителни финанскиски импликации на товар на Буџетот на Управата, од страна на одговорното лице прекршени се забраните утврдени во член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик а со преземањето на овие дејствија наведеното лице сторило повреда на законските одредби и ја злоупотребило својата службена положба и овластување.

Имајќи го предвид сето погренаведено, ДКСК констатира дека во конкретниот случај наводите содржани во пријавата со број 12-1243/1 од 26.03.2024 година, за прекршување на законските одредби во изборен процес при спроведување на постапки во --------- ---- ------------ -------------, се основани, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.Д., член на ДКСК